У-5.бр.1976/2019

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите: Дитурије Елези Незири - претседател на советот, Виолета Богојеска и Ељмедине Асани - членови на советот, со записничар Едвин Захитовиќ – виш судски соработник, решавајќи по тужбата на тужителот Цветан Неделковски од Велес, поднесена преку полномошник Игор Боцевски адвокат од Скопје, против точка 3 од Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки број 09-749/11 од 06.11.2019 година, од областа на јавните набавки, на седницата одржана на 13.07.2020 година, согласно член 25 од Законот за управните спорови, донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

Тужбата на тужителот Цветан Неделковски од Велес, поднесена против точка 3 од Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки број 09-749/11 од 06.11.2019 година, СЕ ОТФРЛА КАКО НЕУРЕДНА.

## О б р а з л о ж е н и е

Тужителот Цветан Неделковски од Велес, преку полномошник Игор Боцевски адвокат од Скопје, незадоволен од решението на тужениот орган на ден 10.12.2019 година поднесе тужба до Управниот суд заведена под У-5 бр.1976/2019.
Разгледувајќи ја тужбата, Судот најде дека е неуредна, односно кон тужбата не е доставено уредно полномошно дадено на име на адвокатот од страна на тужителот Цветан Неделковски.

Судот, со писмо од 16.12.2019 година, побара од полномошникот Игор Боцевски адвокат од Скопје, во рок од 8 дена да ги отстрани недостатоците и да ја уреди тужбата, на начин што ќе достави уредно полномошно согласно Законот за парнична постапка. Писмото за уредување истиот уредно го примил на ден 25.12.2019 година но во дадениот рок не постапи по укажувањата на Судот.

Судот со писмо од 24.03.2020 година, побара и од тужителот да ја уреди тужбата на начин ќе го извести Судот во рок од 8 дена од приемот на оваа барање дали ја прифаќа поднесената тужба заведена под У-5 бр.1976/2019 и дали ќе презема дејствија лично или преку полномошник.

Согласно член 23 став 1 од Законот за управните спорови, во тужбата мора да се наведе името и презимето и местото на домување на тужителот, односно називот и седиштето на правното лице определено во Централниот регистар, актот против кој е насочена тужбата, причините поради кој се тужи, како и во кој правец и обем се предлага поништување на управниот акт. Кон тужбата мора да се поднесе актот во оригинал или во препис.

Согласно член 25 од истиот закон, ако тужбата е нецелосна или неразбирлива, претседателот на советот ќе го повика тужителот, по потреба и преку друг суд, во оставениот рок да ги отстрани недостатоците на тужбата. Притоа, ќе го поучи што и како треба да направи, ќе му укаже за потребата од полномошник и на последиците што ќе настанат ако не постапи по барањето на судот. Ако тужителот во оставениот рок не ги отстрани недостатоците од тужбата, а тие се такви што ја спречуваат работата на судот, судот со решение ќе ја отфрли тужбата како неуредна, освен ако не најде дека оспорениот управен акт е ништовен.

Со оглед на тоа што тужителот писмото за уредување на тужбата го примил на ден 20.05.2020 година и во оставениот рок од 8 дена не ги отстрани горе наведените недостатоци и не постапи по укажувањето, односно барањето на судот, а неодстранувањето на овој недостаток е пречка за понатамошно постапување по тужбата, Судот согласно член 25 од Законот за управните спорови, одлучи како во изреката на решението.

РЕШЕНО ВО УПРАВНИОТ СУД на ден 13.07.2020 година под У-5.бр.1976/2019.

Записничар – виш судски соработник
Едвин Захитовиќ

Претседател на советот-Судија
Diturije Elezi Neziri

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука дозволена е жалба во рок од 15 дена преку овој суд до Вишиот управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: се задолжува тужителот да плати судска такса за тужба во износ од 480,00 денари и судска такса за одлука во износ од 480,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката, на следната сметка: како Примач - Управен суд, Банка на примачот - Народна Банка на Република Македонија, за судски такси од физички лица на сметка број 1000-000-000-630-95, уплатна сметка 840-182-03359, приходна шифра 72-22-13, програма 00, начин 2.

Решението да се достави на:
- тужителот
- тужениот орган

Претседател на советот-Суд ија
Diturije Elezi Neziri

Република Северна Македонија УПРАВЕН СУД СКОПЈЕ

Согласноста на преписот со изворникот го потврдува
Судски службеник
1

ВК/